MQS
Partner of Quality Austria

Бр. 12-1034/4
26-03-2019 год.

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија” број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на шестата седница одржана на ден 20 март 2019 година донесе

**Одлука**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино надлежно постапување во предметот со број 12-1034/1 од 05.03.2019 година.

Предметот со број 12-1034/1 од 05.03.2019 година да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата не се доставува писмено известување за постапувањето и за заклучокот донесен од страна на Државната комисија, од причини што подносителот, до ДКСК, не доставил адресни податоци за контакт.

Одлуката на ДКСК, со образложението, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12-1034/1 од 05.03.2019 година е оформен врз основа на добиена пријава од непознат подносител – физичко лице кое не доставило адресни податоци за контакт.

Во пријавата се укажува на нетранспарентно вработување во ПЕ на орган на управата, на лицето --- ---------- --------------- од Струга во периодот на референдумот закажан за 30 септември 2018 година согласно со Одлуката за распишување на референдум за консултирање на граѓаните на целата територија на Република Македонија, бр. 08-4666/1, донесена од Собранието на Република Македонија на 30 јули 2018 година, меѓутоа - пријавата е конфузна, со противречни наводи и не посочува на конкретна постапка по јавен оглас з вработување во посочениот период.

По разгледување на наводите содржани во пријавата Државната комисија за спречување на корупцијата оцени дека пријавата не содржи елементи кои укажуваат на корупција - злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг. Воедно, предметната пријава не упатува на коруптивно дејствување на службени лица - избрани, именувани или кои вршат работи од јавен интерес, ниту посочените дејствија можат да се подведат под основи на сомневање за сторени кривични дела од Глава триесетта - Кривични дела против службената должност од Кривичниот законик на Република Македонија.

Врз основа на погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk